**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ**

ул. 11 Октомври бр.25, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. (02) 3103 601 fax.(02) 3 137 149
www.ippo.gov.mk

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ И ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИЈАВА НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

Постапката за признавање на правото на индустриски дизајн се поведува со поднесување на пријава на индустриски дизајн до Државниот завод за индустриска сопственост.

## ПРИЈАВАТА НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН МОРА ДА СОДРЖИ:

1) барање за признавање на правото на индустриски дизајн;
2) податоци за подносителот на пријавата;
3) приказ на дизајнот за кој се бара заштита

Образецот на барањето за признавање на право на трговска марка е достапен на веб страницата на Државниот завод за индустриска сопственост: **www.ippo.gov.mk** – ПРАВА НА ИС(горе) – ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН - ОБРАСЦИ - ПРИЈАВА НА ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

**Точка 1 – Адреса за кореспонденција**

Како адреса за кореспонденција се наведува:

- презимето, името и адресата, односно фирмата и седиштето на подносителот на пријавата доколку тој ја поднесува пријавата;
- презимето, името и адресата на заедничкиот претставник, (ако има повеќе подносители на пријавата, тие треба да изберат заеднички претставник);

податоци за застапникот ако барањето се поднесува преку застапник за индустриска сопственост (види точка 4)

**Точка 2 - Пријавата се поднесува за:**

Во зависност од тоа дали се пријавува еден или повеќе дизајни, СЕ ОДБИРА САМО ЕДНА ОПЦИЈА И СЕ ОБЕЛЕЖУВА соодветниот квадрат.

ОБЈАСНУВАЊЕ: Со една пријава за признавање на право на индустриски дизајн, може да се бара заштита на повеќе дизајни на производи (повеќекратна пријава), но сите дизајни од пријавата мора да се наменети за да се применуваат на производи класифицирани во иста класа според меѓународната (Локарнска) класификација. Повеќекратната пријава може да содржи најмногу 100 дизајни.

**Точка 3 – Подносител на пријавата**

Како подносител на пријавата се запишува лицето (правно или физичко кое ќе биде носител на индустрискиот дизајн), односно се наведува:

презимето, името и адресата за физичко лице односно фирмата и седиштето за правно лице (податоците за правното лице треба да се совпаѓаат со податоците од Централниот регистар).

Ако пријавата е поднесена од повеќе подносители, се запишуваат податоците за сите подносители и кон пријавата се приложува изјава за заеднички претставник.

**Точка 4 - Застапник**

Застапник е лицето кое го застапува подносителот на пријавата во постапката пред Заводот, (доколку подносителот назначи застапник). Застапникот треба да има положено испит за застапници за индустриска сопственост и треба да биде впишан во регистарот на застапници што го води Заводот. Доколку застапник не е назначен, ова поле останува празно.

**Точка 5 - Автор:**

СЕ ОДБИРА СООДВЕТНАТА ОПЦИЈА И СЕ ОБЕЛЕЖУВА СООДВЕТНИОТ КВАДРАТ.

ОБЈАСНУВАЊЕ: Доколку подносителот на пријавата е автор на дизајнот, се обележува квадратот "подносителот е автор".

Доколку авторот не сака да биде наведен во пријавата, се означува соодвертниот квадрат, а како доказ кон пријавата се приложува изјава потпишана од авторот.

Ако дизајнот е креација на повеќе автори тогаш во пријавата се означува соодвертниот квадрат и се наведуваат податоците за сите автори.

**Точка 6 – Назив на индустрискиот дизајн:** називот на дизајнот го одбира подносителит на пријавата, односно авторот (пр. "шише", "етикета")

**Точка 7 – Означување на видот на дизајнот**

СЕ ИЗБИРА САМО ЕДНА ОПЦИЈА И СЕ ОЗНАЧУВА СООДВЕТНИОТ КВАДРАТ.

Пример за дводимензионален дизајн е "етикета"

Пример за тродимензионален дизајн е "шише"

**Точка 8 – Пријавата се поднесува за:**

СЕ ОДБИРА СООДВЕТНАТА ОПЦИЈА И СЕ ОБЕЛЕЖУВА СООДВЕТНИОТ КВАДРАТ.

ОБЈАСНУВАЊЕ:Под вкупен број на индустриски дизајни, во квадратот се запишува бројот на пријавени дизајни. Пример: 8

Приказите на индустрискиот дизајн во пријавата на индустриски дизајн

може да бидат фотографии или графички прикази, прикажани во црно-бела техника или во боја.

**Точка 9 - Побарано првенство и основот**

Униско првенство - Доколку подносителот пред поднесување на пријавата во Република Македонија поднел пријава во држава членка на Париската унија или СТО, може да побара да му се признае правото на првенство од првата пријава. Во тој случај се означува соодветниот квадрат и се наведува датумот, државата и бројот на првата пријава.

Саемско првенство – Доколку подносителот пред поднесување на пријавата во Република Македонија ги изложил дизајните на некоја меѓународно признаена изложба (саем), може да побара да му се признае правото на првенство од првиот ден на изложувањето на дизајните. Во тој случај на пријавата се означува соодветниот квадрат и се запишува името на изложбата (саемот) и датумот на првото изложување.

**Точка 10 - Прилози**

За секој прилог што се поднесува со барањето, се означува соодветниот квадрат. Примери:

☒ 3 примероци на фотографиите (графички прикази), кои имаат ___*(се наведува бројот на страните)*__ страни.

ОБЈАСНУВАЊЕ: Приказите на индустрискиот дизајн во пријавата на индустриски дизајн може да бидат фотографии или графички прикази, прикажани во црно-бела техника или во боја. Приказите се поднесуваат на А4 формат кој содржи квадрати со големина 4x4 см во чија рамка се отпечатуваат по електронски пат или се лепат фотографиите односно графичките прикази на пријавениот дизајн, кои не треба да бидат помали од големината 3x3 см ниту поголеми од вкупната површина на четириаголникот со големина 16x24 см. Ако просторот за приказите на дизајнот не е доволен за прикажување на сите фотографии односно графички прикази на дизајнот, се приложува потребен број на копии, во кој случај во горниот десен агол се внесува бројот на страниците. Сите приложени и означени страници прават еден примерок од приказите на пријавениот индустриски дизајн (ПО 3 ПРИМЕРОЦИ НА приказите на индустрискиот дизајн се доставуваат ВО ПРИЛОГ НА ПРИЈАВАТА.

☒ 3 примероци на приложен опис кој има ___*(се наведува бројот на страните)*___страни.

ОБЈАСНУВАЊЕ: Ако кон барањето за признавање на индустрискиот дизајн е приложен опис за новоста и индивидуалниот карактер на дизајнот, описот треба да се однесува само на надворешниот изглед на дизајнот и не треба да содржи повеќе од 100 (сто) збора. Кај повеќекратна пријава се доставува опис за секој дизајн.

☒ доказ за платена такса – *се обележува соодветниот квадрат, а доказот се доставува во прилог.*

☒ полномошно на застапникот - *доколку пријавата се поднесува преку застапник, се обележува соодветниот квадрат, а полномошното се доставува во прилог.*

☒ изјава за заеднички претставник - *доколку има повеќе подносители на пријавата, се доставува изјава за заеднички претставник и се означува соодветниот квадрат.*

☒ доказ за правото на првенство – *се обележува соодветниот квадрат, а доказот се доставува во прилог.*

Барањето го потпишува подносителот или неговиот застапник, односно заедничкиот претставник доколку има повеќе подносители. Ако подносителот е правно лице, кај потписот се наведува името на лицето кое го потпишало барањето и се става печат на правното лице.

**ТАКСАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА** на индустриски дизајн се плаќа на СМЕТКАТА НА БУЏЕТОТ на Република Македонија:
- сметка: **100000000063095**
- уплатна сметка: **(840; шифра на општина; 03161)**
- приходна шифра: **722313**

<u>Таксата за поднесување пријава на индустриски дизајн изнесува:</u>

| Тарифен број 108 | Износ во денари |
|---|---|
| За еден индустриски дизајн | 500 |
| Кај повеќекратна пријава, за вториот и секој следен од серијата, по | 200 |

Пријавата на индустриски дизајн се поднесува по пошта на адресата на Заводот или непосредно, во архивата на Заводот.